| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | на време | | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава. часови | 30 часа |
| | | 16.2. | Вежби (**лабораториски,** аудиториски), **семинари**, тимска работа: часови | Вежби – 45 ч. |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | 25 часа |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 50 часа |
| 18 | Услови за потпис | | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: 2 колоквиуми по 20 бода | | 40 бода |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: | | 10 бодови |
| | 19.3. | Завршен испит: | | 50 бодови |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | | до 59 бода | 5 (пет) (F) |
| | | | од 60 до 68 бода | 6 (шест) (E) |
| | | | од 69 до 76 бода | 7 (седум) (D) |
| | | | од 77 до 84 бода | 8 (осум) (C) |
| | | | од 85 до 92 бода | 9 (девет) (B) |
| | | | од 93 до 100 бода | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Milan Jurišić, Dragoslav Stamenković, Aleksa Marković, Aleksandar Todorović, Božidar Dimitrijević, Vojislav Leković, Vitomir | Oralna implantologija | Stomatoloski fakultet Beograd | 2008 |
| | | 2. | Jovan V. Perović | Oralna implantologija | Agencija za marketing i zeppelin reklame DON VAS | 2004 |
| | | 3. | Carl E Misch | Dental implant prosthetics 2 edition | Elsevier Mosby | 2015 |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | Herbert T Shillinburg,Jr | Fundaments of fixed prosthodontics 4th edition | Quintenssence Publishing Co | 2012 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | Вовед во научно истражувачка работа |
| 2. | Код | ДМЗВН6 |
| 3. | Студиска програма | Дентална медицина - интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 4. | Организатор | УКИМ-Стоматолошки факултет,Катедра за Болести на уста и пародонтот |

| | | |
|---|---|---|
| | на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | |
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | Интегрирани студии од прв и втор циклус |
| 6. | Академска година / семестар | Година 6 — семестар 11 |
| 7 | Оптоварено ст со предметот изразена во ЕКТС кредити | 2 |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници назначен одговорен наставник) | Проф.д-р Снежана Пешевска |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | Македонски |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | Ислушани сите задолжителни предмети од петта година и положени сите задолжителни предмети од четврта година. |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето: | Студентите да се запознаат со науката во современото општество, значењето на научните истражувања и принципите на научните методи. Совладувајќи ги деловите на процесот на истражување, преку критичка анализа на изворите на податоците ќе се стекнат и со знаење за почитување на принципите на медицината базирана на докази и нејзината примена. Усвојувајќи ги постапките и правилата за изработка, објавување и презентирање на резултатите од научното истражување, ќе ги разјаснат истражувачката етика, тимската работа и значењето на авторството. Студентите ќе развијат практични вештини за планирање и изведување на истражувачки проекти од кои ќе произлезат научни, научно-стручни и стручни дела. |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | **Теоретска настава -предавања**<br>**1.Поглавје - Базични насоки за научно истражување, со осврт на планирање и методологија на истражувањето користејќи биомедицински бази на податоци**<br>Вовед во научно истражување (дефинирање на научната работа, терминологија во наука,типови на докази, силина на препораки), видови медицински истражувања, значење на евиденцијата во медицината..............................1 час<br>Планирање на истражување (формулирање на хипотеза и цел, избор на дизајн на научно истражувачка студија)………1 час<br>Методологија на истражувањето ( Опсервациски студии (ObservationalStudies): *дескриптивни студии (DescriptiveStudies), аналитички студии (AnalyticalStudies): Крос-секциски студии (Cross-sectionalStudies). кохортни студии (CohortStudies), прикази на случаи (Case-ControlStudies)*;Експерименталнистудии (Experimental Studies):*рандомизираниконтролиранистудии (Randomized Controlled Trials – RCT. клиничкииспитувања (Clinical Trials), (Field and Community Trials)*; Еколошкистудии (Ecological Studies); Систематскипрегледи и мета-анализи (Systematic Reviews and |

| | | |
|---|---|---|
| | | MetaAnalyses…………………………2часа<br>Собирање и обработка на податоци (користење на биомедицински бази на податоци, методи и етика во собирањето податоци, медицина базирана на докази и нејзино користење, креирање бази на податоци)…1 час<br>Статистичка анализа (основни статистички методи, интерпретација на резултати и грешки во анализата)......1 час<br>*Резултати од 1 поглавје: Студентот ќе се запознае со научната работа, фокусирајќи се кон видовите на медицински истражувања, преку планирање избор на методологија, правила и принципи за собирање, обработка и статистичка анализа на податоците.*<br>**2.**Поглавје -Пишување и публикување на научни трудови почитувајќи ги етичките принципи во научната работа<br>Етика во научната работа (принципи на добра клиничка пракса, информирана согласност, судири на интереси, одговорно однесување во науката, плагиризам и користење на вештачката интелигенција во науката) .....1 час<br>Пишување и публикација на научни трудови (структура на научен труд: наслов, апстракт, клучни зборови,вовед и цел, литературен преглед, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучоци и референци, подготовка на ракопис за објавување и процес на рецензирање и одговор на коментари на рецензенти) .....4 часа<br>Критичко читање на литература (оценка на квалитет на студиите, систематски прегледи и мета-анализи)...1 час<br>Проекти, менаџирање и финансирање (поднесување на проекти:тимска работа и временска организација, извори на финансирање и планирање на буџет)........1час<br>Примери на правилни научни истражувања (анализа на конкретни научно истражувачки дела - апстракти, постер презентации, оригинални трудови, ревијални трудови, прикази на случај, терапевтски забелешки, специјални трудови, писма за уредникот, со критичка оцена и насоки за можно решавање на проблемот во истражувањето .................................2часа<br>*Резултати од 2 поглавје: Студентот ќе добие сознанија за почитување на етиката во научната работа при пишување и публикување на научните трудови, како и за потребата од критичка анализа на литературата, преку примери на правилни научни дела. Искористување на можноста за поднесување проекти и начинот на изработка го заокружува ова поглавје.*<br>**Вкупно: ..........................................................*15часа***<br>***Вежби***<br>Вежба 1 - Дефинирање тема за научно истражувачка работа, пребарување на медицински бази на податоци по клучни зборови, поставување на хипотези и истражувачки прашања. Систематски преглед на литература со користење на PubMed/MEDLINE со филтри за клинички студии, како и оценка на квалитетот на изворите (пр: PRISMA checklists)...1час<br>Вежба 2 -Етика во научното истражување како постулат на почитување на принципите на Хелсиншката декларација, неопходноста за информирана согласност и заштита на податоци, преку етичките дилеми во клиничките испитувања и улогата на етичките комисии. На панел дискусии ќе се говори и за конфилктот на интереси, заштитата на авторските права, како и плагијаторството и користењето на алатките на вештачката интелигенција во креирање на научни трудови, како извор на неетичност во науката...1час<br>Вежба 3 - Планирање и организирање на научно истражување на зададена тема преку поставување на методологија на истражувањето, дизајн на анкети, структурирани прашалници, користење на лабораториски истражувања и почитување на принципите за прецизност и валидност на истите...3часа<br>Вежба 4 - Пишување на научен труд со потполна структурираност ( наслов, апстракт, вовед со цел, материјал и методи, резултати, дискусија, заклучок и соодветни референци, со академска прецизност, јасност и избегнување плагијат. Вежбата може да биде структуриран како анализа на пример од публикуван труд, или како задача на уредување на примерок од "лошо" напишан труд..........................................5 часа<br>Вежба 5 - Интеграција на знаењата-од идеја до публикација, како подготовка за пишување на дипломска работа. Студентите презентираат мал истражувачки проект (на пр., анкета со дескриптивна статистика, зададена задача за истражување, драфт верзија на основните компоненти на дипломскиот труд и слично) во времетраење од 5 минути...5 часа<br>***Вкупно ....................................................................15 часа*** |
| 13 | Заемна поврзаност на предметите | Етика во научната работа, Биостатистика, Епидемиологија, Стоматолошки здравствени системи, Применети информатички знаења, Правни и етички аспекти на стоматологијата |
| 1 | Детален | Интерактивна настава, работа во мали групи, тимска работа, панел дискусии |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4. | опис на наставните и работните методи за предметот | | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време | 60 часа | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања - теоретска настава. часови | 15 |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | 15 |
| | | 16.3. | Пракса: часови | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | |
| | | 17.3. | Домашно учење - задачи | 30 |
| 18 | Услови за потпис | Отсуство најмногу на една вежба и присуство на 60% предавања | | |
| 19 | Начин на оценување | | | |
| | 19.1. | Тестови: бодови | | 30 |
| | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | 20 |
| | 19.3. | Завршен испит: бодови | | 50 |
| 20 | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до 59 бода | | 5 (пет) (F) |
| | | од 60 до 68 бода | | 6 (шест) (E) |
| | | од 69 до 76 бода | | 7 (седум) (D) |
| | | од 77 до 84 бода | | 8 (осум) (C) |
| | | од 85 до 92 бода | | 9 (девет) (B) |
| | | од 93 до 100 бода | | 10 (десет) (A) |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | Самоевалуација од страна студентите, контрола на асистентите во изведување на практичната настава и проценка на постигнатиот успех на студентите, како и проодноста на студентите кои го положиле предметот | | |

**22. Литература**

22.1. Задолжителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Проф.д-р. ЉубицаГеоргиевска-Исмаил (уредник) и сор. | Основинанаучноистражувачкаработа : учебникзастудентипомедицина и студентинастручнистудиизаситездравственипрофесии | Медицинскифакултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје | 2021 |
| 2. | **Marušić M.** | *Uvod u znanstveni rad u medicine. 6th ed.* | Medicinskanaklada, Zagreb | 2019 |
| 3. | **Boniface DR** | *Research Methods in Medicine & Health Sciences* | Cham: Springer | 2020 |

22.2. Дополнителна литература

| Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | **Hall GM** | *How to Write a Paper.* 6th ed. | Boca Raton: CRC Press | 2019 |
| 2. | **Innes NPT, Clarkson JE** | *Guide to Research Methods in Dentistry* | Hoboken: Wiley-Blackwell | 2016 |
| 3. | Greenhalgh, T. | How to Read a Paper: The Basics of Evidence-Based Medicine (6th ed.). | Wiley-Blackwell | 2019 |

| **Прилог бр.3** | | **Предметна програма од прв циклус на студии** |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на | Клиничка пракса 2 |